A- A A+

(https://www.facebook.com/mvr.gov.mk/) (https://www.youtube.com/user/MVRMacedonia1231)



Дневни билтени

**2015**

Февруари
Март
Април
Мај
Јуни
Јули
Август
Септември
Октомври
Ноември
Декември

**2016**

**2017**

**2018**

**2019**

**2020**

**2021**

# Извадок на дел од дневни настани 22.12.2019

На 21/22.12.2019 во периодот од 23.00 до 03.20 часот спроведена е акциска контрола во која учествувале полициски службеници од СВР Тетово и полициски службеници од МВР. Притоа, била извршена контрола во угостителски објект во с.Добридол, гостиварско, како и претрес во куќата на сопственикот Н.Р.(50), при што во објектот и куќата биле затекнати осум женски лица, од кои пет странски државјанки (три од Р.Србија, една од Р.Црна Гора и една од Р.Хрватска), на возраст од 20 до 31 година, како и три македонски државјанки на возраст од 35 до 43 години. Тие се приведени

и задржани во Полциската станица Гостивар, поради сомение за нивна инволвираност во кривично дело „посредување во вршење проституција", казниво по чл.191 од КЗ.

На 22.12.2019 во 00.30 часот, полициски службеници од СВР Скопје на подрачјето на Аеродром, го лишиле од слобода Д.Н.(39) од Скопје, затоа што при извршен преглед кај него била пронајдена бела прашкаста материја. По документирање на случајот, против него ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 22.12.2019 околу 07.15 часот во с.Јажинце, тетовско, од полициски службеници на  СВР Тетово, со судска наредба бил приведен Н.Б.(41) од с.Јажинце, по кого била распишана потерница за издржување затворска казна.
На 21.12.2019 во 18.00 часот на Граничниот премин Долно Блаце, на излез од Р.С.Македонија,  бил лишен од слобода М.М.(26) од с.Арачиново, скопско, затоа што се наоѓал во оперативна евиденција со мерка „апси" од МВР и по наредба на Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција. М.М. бил предаден на полициски службеници од Полициската станица Гази Баба за понатамошна постапка.

На 21.12.2019 околу 04.50 часот, пред патарина Отовица - Велес, во координирана акција било сопрено патничко моторно возило „фолксваген фејтон", со скопски регистарски ознаки, сопственост на А.С. (24) од с.Студеничани, скопско, во кое биле превезувани 10 лица мигранти од Авганистан. При застанување на возилото дошло до судир со полициското возило „ландровер", при што со телесни повреди се здобиле двајца полициски службеници и двајца мигранти, кои биле префрлени во Општа болница Велес. Околу 06.00 часот, на локалниот пат за с.Отовица, биле лишени од слобода Б.И.(19), кој управувал патничко возило „сеат", со скопски регистарски ознаки, и сопатниците Б.В.(28) и А.И.(23), сите од Скопје, поради сомнение за поврзаност со настанот, по што биле приведени во Полициската станица Велес за понатамошна постапка. За случајот е известен Јавен обвинител, а по комплетно документирање на случајот ќе бидат поднесени соодветни поднесоци. Пронајдените мигранти се префрлени во Прифатно- транзитниот центар „Винојуг", Гевгелија.

СВР Штип поднесе кривична пријава против С.М.(37) од Штип, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „неовластено производство и пуштање во промет на наркотични droги, психотропни супстанци и прекурсори". На 14.12.2019 на ул.„Ленинова" во Штип, полициски службеници извршиле претрес во домот на пријавениот, при што пронашле и одзеле кокаин и две дигитални ваги.

На 21.12.2019 во 21.40 часот, полициски службеници од СВР Скопје на подрачјето на Гази Баба го лишиле од слобода Б.С.(29) од Скопје, затоа што при извршен преглед кај него била пронајдена марихуана. По документирање на случајот, против него ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 22.12.2019 во 00.05 часот на регионалниот пат Охрид - Свети Наум, кај населбата Рача - Охрид, Ј.В.(35) од Охрид, управувајќи патничко возило „хјундаи гетс", со охридски регистарски ознаки, изгубил контрола над возилото и излетал од патот. Во незгодата Ј.В. се здобил со тешки телесни повреди по што бил пренесен во Општата болница - Охрид за укажување на лекарска помош. Извршен бил увид на местото на незгодата од увидна екипа од СВР Охрид.

На 21.12.2019 во 16.00 часот во Полициската станица Аеродром С.Т.(26) од Скопје пријавил дека на бул.„Асном" бил каснат од куче скитник во пределот на левата потколеница.

СВР Охрид поднесе кривична пријава против Р.С.(43) од Охрид, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „неовластено производство и пуштање во промет на наркотични дроги, психотропни супстанци и прекурсори". На 01.02.2019 на ул.,,Крали Марко" во Охрид, полициски службеници извршиле претрес во домот на пријавениот, при што пронашле и одзеле марихуана.

На 21.12.2019 во 06.45 часот било пријавено дека на магистралниот пат Радовиш - Струмица, во близина на с.Калуѓерица, се случила сообраќајна незгода помеѓу патничко возило „форд ескорд", со радовишки регистарски ознаки, управувано од Ј.Л.(52) од Радовиш и товарно возило „волксваген транспортер", со струмички регистарски ознаки, управувано од Ж.П.(42), од с.Ињево, радовишко. Во незгодата со тешки телесни повреди се здобил сопатникот од возилото „форд ескорд", Л.А.(53) од Радовиш, а со телесни повреди се здобил возачот и К.А.(56), кој бил сопатник од истото возило, по што биле пренесени во Медицинскиот центар Струмица за укажување на лекарска помош. Извршен бил увид на местото на незгодата од увидна екипа од Полициската станица Радовиш.

На 21.12.2019 во 12.40 часот во Полициската станица Карпош В.С.(72) од Скопје пријавил дека на ул.„Бранислав Нушиќ" бил каснат од куче скитник во пределот на десната надколеница.

Надворешната канцеларија за криминалистички работи Струга поднесе кривична пријава против Н.А.(32) од Битола, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „неовластено производство и пуштање во промет на наркотични дроги, психотропни супстанци и прекурсори". На 03.08.2019 на ул.„Партизанска" во Струга, полициски службеници извршиле преглед кај пријавениот, при што пронашле и одзеле марихуана и мешавина од марихуана и тутун.

Полициската станица Неготино поднесе кривична пријава против лицето Ј.А.(29) од Неготино, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „неовластено производство и пуштање во промет на наркотични дроги, психотропни супстанци и прекурсори". На 23.09.2019 во с.Војшанци,

полициски службеници извршиле претрес во домот на пријавениот, при што пронашле и одзеле марихуана и растение Cannabis.

СВР Охрид, поднесе кривична пријава против Г.П.(42) од Охрид, за сторено кривично дело „злоупотреба на лични податоци". Тој, на 24.11.2019 ул.,,Партизанска" во Охрид, му го одзел мобилниот телефон на Т.В., од охридското село Пештани и почнал да ги користи неговите апликации на социјалните мрежи.

Надворешната канцеларија за криминалистички работи Струга поднесе кривична пријава против А.Ј.(34) од с.Тимјаник, неготинско, и Р.Р.(48) од Прилеп, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „неовластено производство и пуштање во промет на наркотични дроги, психотропни супстанци и прекурсори". На 03.08.2019 на ул.„Партизанска" во Струга, полициски службеници извршиле преглед на пријавените и на патничко моторно возило „мерцедес", управувано од Р.Р., при што кај нив пронашле и одзеле марихуана и дробилка со остатоци од марихуана.

На 21.12.2019 во 15.20 часот во СВР Скопје било пријавено дека на паркинг простор на ул.„Христијан Тодоровски-Карпош", по претходна расправија околу паркинг место, М.К. бил физички нападнат од К.Ј.(56) и К.И.(32) од Скопје. По целосно расчистување и документирање на случајот ќе следуваат соодветни поднесоци.

На 21.12.2019 во 20.50 часот во СВР Скопје било пријавено дека на ул. „Пушкинова" настанал пожар во стан, сопственост на А.Ж.(54), поради што дел од станарите биле евакуирани. Во 21.50 часот пожарот бил локализиран од страна на Бригадата за противпожарна заштита. Повредени лица нема, а увидот е во тек.

На 21.12.2019 во СВР Битола бил приведен и задржан Т.Т. (52) од Битола, бидејќи се однесувал агресивно кон полициски службеници кои биле на должност и физички ги нападнал. По целосно документирање на случајот, против него ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 21.12.2019 во 12.00 часот во Полициската станица Гевгелија од Здравствениот дом Гевгелија било пријавено дека кај нив било донесено лице повредено од огнено оружје. Од страна на полициски службеници било утврдено дека станува збор за И.Т.(40) од с.Црничани, кој околу 10.30 часот, подготвувајќи ја пушката за лов, се повредил во пределот на левото рамо. Според пријавеното, откако ја наполнил со куршуми, пушката паднала и испукала еден куршум. Извршен бил увид од увидна екипа од Полициската станица Гевгелија.

На 22.12.2019 во 01.00 часот во СВР Скопје, С.С.(21) од Скопје пријавил дека на 21.12.2019 околу 23.00 часот пред угостителски објект на бул. „Партизански одреди", по претходна расправија, бил физички нападнат од Д.К. Се работи на расчистување на случајот.

На 22.12.2019 во СВР Тетово бил приведен А.Ч.(26) од Тетово, бидејќи во 03.45 часот пред угостителски објект на ул.„Маршал Тито" во Тетово се однесувал агресивно кон полициски службеници кои вршеле службени дејствија. По целосно документирање на случајот против него ќе следи соодветен поднесок.

На 21.12.2019 во во СВР Битола бил приведен Т.Е.(30) од с.Обршани, прилепско, поради лажна пријава на бомба. Според пријавеното, тој во 14.17 часот од непознат број, телефонски пријавил бомба во Клиничка болница Битола, по што полициски службеници излегле на местото на настанот и утврдиле дека станува збор за лажна пријава, а по преземени мерки утврден бил идентитетот на лицето кое се јавило. По целосно документирање на случајот ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 21.12.2019 во 14.30 часот во Полициската станица Аеродром Т.Д.(41) од Скопје, пријавил дека околу 13.30 часот во с.Долно Лисиче, скопско, неговиот малолетен син бил физички нападнат од друг малолетник. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 22.12.2019 во 01.00 часот во Велес на ул.„8 Септември" бил лишен од слобода Б.Ќ.(56) од Велес, бидејќи се обидел да предизвика пожар во казино. Додека се обидувал да опожари дел од инвентарот во казиното, тој бил спречен од полициски службеници и бил приведен во полициска станица. По целосно расчистување и документирање на случајот, против него ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 22.12.2019 во СВР Тетово бил приведен малолетник, бидеќи во 00.40 часот на ул.„Борис Кидрич" во Тетово се однесувал агресивно кон полициски службеници кои вршеле службени дејствија. По целосно документирање на случајот ќе следи соодветен поднесок.

На 21.12.2019 во 11.20 часот во Полициската станица Гази Баба, Р.Т.(78) од Скопје пријавил дека на бул.„Александар Македонски" бил каснат од куче скитник во пределот на левата нога.

На 21.12.2019 во 20.58 часот во СВР Скопје, Ф.Ч.(44) пријавил дека околу 19.30 часот на кејот на реката Вардар, под мостот „Гоце Делчев", бил физички нападнат од две лица, кои му го одзеле паричникот. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

» Заменик министер (/profilepage/zamenik-minister)

» Државен секретар (/profilepage/drzhaven-sekretar)

» Биро за јавна безбедност (/page/biro-za-javna-bezbednost)

» Јавен ред и мир (/analizistatistiki/javen-red-i-mir)

» Гранични работи (/granichni-premini)

» Криминалитет (/analizistatistiki/kriminal)

» Собрание

» Јавно обвинителство (http://www.jorm.org.mk/)

» Центар за обука (/profilepage/pomoshnik-minister-co)

(https://www.youtube.com/user/MV

» Закажување со лични документи (/kontakt-centar)

» Адреси и контакт телефони (/Upload/Documents/Adresi-i-kontakt-telefoni.pdf)

» Архива (http://www.mvr.gov.mk/DesktopDe tabindex=0&tabid=127)

logo korupcija

Секој упад и злоупотреба на веб страницата на МВР е казнив по член 251 од КЗ на Република Северна Македонија

Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија, ул.Димче Мирчев бр.9, 1000 Скопје.

тел: +389 (0)2 3 117 222 факс: (02)3112468 е-пошта: kontakt@moi.gov.mk

Изработено од Унет

(https://www.facebook.com/makedonskapolicija/) (https://www.youtube.com/user/MVRMacedonia1231)